**УДК 314.15-026.49(497.7)„1991-“**

**Илка Тисен (Канада)**
**Одделение за антропологија, Ванкувер Исланд Унверзитет**
**е-маил: Ilka.Thiessen@viu.ca**

# ПРИДРУЖНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ НА НЕЗАВИСНОСТА: КЛАСНАТА МОБИЛНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт:** Со спроведувањето на либералната пазарна економија во постсоцијалистичка независна Македонија се случија драматични економски промени што влијаеја на животите на една група млади жени инженерки во Скопје. Практикувајќи една од најпрестижните професии во Југославија, инженерите во независна и оспорувана Република Македонија се нашле во една класна мобилност што не ја очекувале. Странските агенции дефинираат нова работничка класа, една новопојавена класа „новопечени богаташи“ ја менува сопственоста. Тврдам дека во редефинирањето на нивниот однос кон процесот на производство преку нивните потрошувачки обрасци, а не преку нивниот труд, мојата група информатори ја субвертира новопојавената класна мобилност во Македонија.

**Клучни зборови:** Македонија, општествена мобилност, класа.

## Вовед

Во 1991 година Македонија прогласи независност и се издвои од она што остана од Југославија. Прогласувајќи се за независна, Република Македонија се најде во ситуација да го оправдува своето постоење пред најблиските соседи и пред меѓународната заедница. Грција го стави под прашање правото на Македонија над името, Бугарија ја призна Македонија, но тврди дека само Бугари живеат во Македонија, Србија тврди дека Македонија е Јужна Србија и во исто време ја повлекува Југословенската армија со сите ресурси, па дури и работна сила надвор од Македонија, оставајќи ја целосно без одбрана; и Албанците во Македонија, Косово и Албанија ја бараат половина Македонија за да ја формираат нивната утописка држава наречена Илирида – соединета Албанија. Единствено Турција како поранешна окупациска сила, некогашната Османлиска Империја, ја призна Македонија, а тоа не беше добро прифатено ниту од Македонците ниту од Грците. Во тој момент Македонија побара од меѓународната заедница да го испрати УНПРОФОР за да ја заштити Македонија – за првпат на мисија во регион каде што нема конфликт, сѐ уште. Меѓународната заедница тврдеше дека Македонија е буре барут што лесно може да ги вовлече Грција и Турција, па така и целата европска заедница во еден крвав конфликт. Тоа требаше да се избегнува по секоја цена и во Македонија требаше на мирен начин да се воведе граѓанското општество од пепелта на комунизмот. Се сметаше дека најдобар начин во Македонија да се воведе концептот на граѓанско општество е преку барања наметнати на нејзината политичка структура, преку созда-

вање устав, како и преку вклучувањето на поранешната социјалистичка република кон либералната пазарна економија. Така, на ова социјалистичко општество што чувствуваше долг кон својот добротвор Тито, му беше претставен концептот на класата. Бидејќи во идеологијата на социјалистичка Југославија беше уништувањето на класата, барем на идеолошко ниво, во независна Македонија појавувањето на класната структура беше третирано како неопходен ефект од либералната пазарна економија. Моите информаторки, млади урбани инженерки, ги започнале студиите за време на Југославија, а почнале да работат во независна Македонија. Доаѓајќи од една идеологија на рамноправност во работната сила, тие искусиле нови начини на создавање и оправдување на различните статуси.

## Рефлексии на промената

Во мај 1995 година, во едно интервју, Нано Ружин, член на Собранието на Република Македонија, ја сумираше актуелната ситуација во Македонија. За многумина распадот на Југославија значеше преиспитување на она во што верувале за време на Југославија и откривање на она во што веруваат сега. Почитувањето на социјалистичките вредности стана многу тешко бидејќи она што го опфаќаше Југославија исчезна и националистичките идентитети се дефинираа во однос на разликата меѓу „Македонците“ и „Албанците“ (Thiessen 1999). Редефинирањето на државните граници, кои веќе не достигнуваа до Австрија или Италија, кај Македонците беше прифатено со делумно глорифицирање на она што го третираа како „западно“, односно на она што било блиску до физичката граница на Југославија и за нив достапно преку патување. Луѓето се плашеа дека ќе ја загубат врската што ја имале со Западот и повторно ќе станат Балканци како што се перципираат постапките на албанското малцинство. Економијата на Македонија, и покрај финансиската помош, беше силно погодена бидејќи дотогаш се потпираше на југословенската економија. Како што нагласува Ружин, особено економската ситуација во Македонија има најголемо влијание на животите на Македонците, посебно во Скопје, најголемиот урбан центар без директен пристап до земјоделското производство. Поголемиот дел од земјоделското производство потекнува од албанските земјоделци, кои ги презеле македонските обработливи површини кога по скопскиот земјотрес младите Македонци се иселиле во градот за да ја обноват социјалистичката икона или пак тие потекнувале од семејства со мали семејни ниви, а некои од нивните роднини сè уште живееле во селата, особено постарите. Бидејќи македонската индустрија се базирала на производство на делови за други фабрики во Југославија, македонската индустрија е запрена и покрај бројната работна сила, додека пак постоел недостиг на земјоделци што би работеле на нивите.

Моите информаторки, деца на младите Македонци што се преселиле од селата за да го изградат Скопје, се запишале на универзитет за време на југословенската држава. Тие требало да станат југословенски инженери, „интелектуалци“ и елита на социјалистичката држава. Сè до 1994 година бројот на инженери бруцоши ги надминувал другите факултети на универзитетот во Скопје, кога повеќето од студентите запишани во прва година се запишале на економија. Кога моите пријатели дипломирале, го напуштиле универзитетот на Република Македонија. Граници-

те на нивната држава се стесниле, и нивната слобода на движење и работни можности биле силно ограничени.

## Либерална пазарна економија

Господинот Ружин ги објаснува вообичаените очекувања од слободната пазарна економија карактеристични во постсоцијалистичките држави: слободниот пазар ќе ги реши нивните економски проблеми и ќе ги насочи директно кон западниот животен стил. Разочарувањата поради ваквите очекувања се вообичаени. За Република Македонија според БРИМА (Британско-македонски општествени истражувања 1994):

> *„(Во) јуни 1994 година 32 % од испитаниците велат дека генерално нивниот стандард и стандардот на нивните семејства значително се намалил, 32 % одговориле дека нешто се намалил и 30 % рекле дека останал ист; 1 % изјавиле дека многу се зголемил и 2 % одговориле со не знам.“*

Слободниот пазар очигледно не бил посакуваниот систем. Во истиот извештај „42 % од испитаниците се согласиле дека приватизацијата на државните претпријатија е погрешен чекор, 42 % рекле дека тоа треба да се направи и 16 % одговориле со не знам“. На прашањето: „Дали мислите дека ќе изгубите нешто доколку не учествувате во процесот на приватизација?“, добиени се следниве одговори: „23 % го почувствувале тоа, 15 % сметале дека тоа е веројатно, 41 % сметале дека нема ништо да изгубат и 21 % одговориле со не знам“. На прашањето: „Дали мислите дека создавањето на пазарната економија, што подразбира крај на државната контрола, е добро или лошо за иднината на вашата држава?“, „32 % одговориле дека тоа е добро, во ноември 1993 и во јуни 1994 година; во ноември 1993 година, 51 % мислеле дека е лошо споредено со 49 % во јуни 1994 година и 18 до 19 % одговориле со не знам“. Моите млади информаторки знаеле дека нема да ја имаат истата сигурност како нивните родители кога влегувале во светот на возрасните: веќе не постоела работничка сила или работничка заедница во која ќе влезат. Но нивниот избор не е ограничен само поради помали можности за работа, бидејќи во исто време Македонија поминува низ промени кон слободната пазарна економија, што има големо влијание врз начинот на кој младите луѓе го доживуваат светот околу себе. „Така западната економија подразбира дека секој се грижи за себе и се обидува да добие колку може повеќе на сметка на другите?“ (информаторка, 1993). Иако беше прифатен идеалот за „Западот“, луѓето беа свесни за општествените последици и не веруваа во напорите Македонија да се претвори во копија на Западна Европа.

Во едно кафуле со пријателите видовме три девојки како упаѓаат, едната плаче, а сите беа очигледно вознемирени. Како што често се случува во Скопје, моите пријатели ги познаваат трите девојки од факултет и ги прашаа зошто се вознемирени. Расплаканата девојка тукушто го завршила факултетот и почнала да работи во една од приватните компјутерски фирми што никнуваа многу брзо. Таа била многу среќна што ја нашла оваа работа бидејќи фабриките се затвораа, па приватните бизниси беа тие што вработуваа. Работела три месеци за оваа фирма и многупати останувала прекувремено. Не потпишала никаков договор, а ѝ ветиле плата откако ќе

ги увидат нејзините работни способности во тек на три месеци. Тогаш таа била отпуштена без плата, а на нејзино место вработиле некој друг.

Ова не е изолиран случај. Еден друг информатор, машински инженер, добил понуда за работа – да инсталира алармни системи во автомобилите. Тој е специјалист за турбини, професија што бара многу поголеми вештини, но нему му требале пари бидејќи татко му неодамна починал, а неговиот брат само што се оженил, па имале уште една уста за хранење. Му понудиле 100 германски марки, што е околу 50 американски долари. Кога почнал да работи, неговиот директор исто така вработил друг човек на истото работно место. Откако ги набљудувал еден месец, им рекол дека ќе го вработи подобриот, и тој ќе почне да прима плата од третиот месец натаму. Мојот пријател се откажал. Само неколку работни места на моите информатори им обезбедуваат доволно средства за да се промени нивната финансиска ситуација, така што тие остануваат во голем дел зависни од заработувачката на нивните родители. Важните придобивки од работата, како статусот и самопочитта, за нив не се достапни. Во времето на социјализмот вообичаено се верувало дека промените во политичката и економската структура на системот ќе создадат ново општество, и ова верување преовладува меѓу моите информатори. Она што тие сепак го бараат се новите вредности извлечени од она што го гледаат на американските телевизии, вредности што тие не ги гледаат во нивното општество. Веруваат дека, доколку тие вредности би биле карактеристични за македонското општество, нивниот успех би зависел единствено од нивната сила и знаење: би заработувале соодветни плати, признание и би можеле да си го дозволат среќниот живот што го посакуваат.

## Каде одиме оттука?

Вообичаено инженерите ги вработувале со полно работно време уште додека студираат. Една моја пријателка морала да го напушти факултетот за да работи бидејќи нејзиниот татко, иако го имал истото образование како неа, бил отпуштен од работа, нејзината мајка земала мала плата, а пиењето на татко ѝ скапо ги чинело. Нејзината најважна вештина за вработување сепак било познавањето на англиски јазик, а не нејзините инженерски способности. Други го напуштале студирањето пред да дипломираат од други причини: семејни проблеми, како и поради ставот „ќе има војна, па зошто тогаш да студирам?“ (1992). Како инженери тие не ги задоволувале потребите на нивното сопствено општество, кое сите економски напори ги насочувало кон тргување најмногу со Турција или Германија и нелегално со Србија. Фабриките што некогаш вработувале инженери се затворени. Често пати татковците се отпуштани од работа, и мајките самите ги финансирале семејствата од примањата како економисти, професија што била многу чест избор во генерацијата на родителите. Со ова мајката, а понекогаш и ќерката со нејзините јазични способности биле во можност да работат за некои странски агенции што ја преплавуваа Македонија, како единствени заработувачи во домаќинството, и тоа дополнително на нивните одговорности во водењето на домаќинството.

*„Вчера јас и мајка ми имавме викенд чистење; мојата сестра мораше да учи. Го замолив татко ми да ми помогне да ја ставам завесата би-*

*дејќи не можев да досегнам, и тој ми се развика и ми кажа дека тоа е моја работа, а не негова. Тој само седи по цел ден и не прави ништо. Гледа телевизија цел ден. Ништо не пипка дома. Мајка ми работи прекувремено за да земе екстра пари, доаѓа дома и мора да готви, чисти, пере и пегла. Не разбирам како може да го издржи тоа. И после таа сака да се омажам!“ (1994).*

Земајќи ги предвид сите овие фактори, сметам дека општествениот живот на моите информаторки е директно поврзан со економската и политичката транзиција во Република Македонија. Во последните неколку години Република Македонија доживеа раст во маркетингот и продажбата и пад во производството.

Падот на производството е поврзан со затворањето на фабриките што произведувале делови за други места во Југославија. Бидејќи оваа заедница не постои веќе и Македонија нема капацитет или капитал да изгради независна инфраструктура, фабриките се затворени, а стапката на невработеност изнесува 30 %. Фондовите од Европската комисија и од САД се користат за субвенционирање на трошоците на владата. Често овие пари се трошат на некорисен начин, а создадената работа ниту бара многу, ниту пак наградува. Во администрацијата младите инженери работат на ниво на техничари, и нивниот интелектуален капацитет и вештини не се добро искористени. На пример, ми раскажаа за едно министерство што било субвенционирано со странска парична помош од 10 милиони ДЕМ. Купиле компјутерски систем со тие пари. Договорот бил направен меѓу министерството и приватна фирма за компјутери, која била во сопственост на братот на еден висок функционер од тоа министерство. Овој компјутерски систем бил најнов на пазарот и нудел можности за кои моите пријатели инженери можеле само да сонуваат. Сепак, овој компјутерски систем никогаш не бил ставен во употреба бидејќи никој од вработените не бил обучен за работа со таков систем. Со нивниот неискористен потенцијал и со тоа што општеството има ограничени барања од нив, моите информатори одговараат со зголемена потреба за релаксирачки добра и услуги што ќе им дадат некаква награда и ќе ги донесат поблиску до нивниот сон за новото општество што е слично со она што можеби го виделе во западноевропските земји или на американските телевизии. Добриот живот се изедначува со купување нешта што репрезентираат слики на среќа.

## Новата класна мобилност

Во Скопје ниту еден мој познајник не добил работа без врски иако понекогаш овие врски се скриени. Некои од пријателите се обидоа да ме убедат дека добиле работа исклучиво поради своите заслуги. Сепак, дури и со нивните квалитети, тие имале потреба од врски за да ги победат другите кандидати што можеби немаат квалитети, но имаат врски. Видот на работното место одредува до која мерка врските ќе бидат значаен фактор. Полесно е да се влезе во приватниот сектор поради квалитети, како на пример стручност, познавање странски јазици или специјализираност за одредена компјутерска програма, и овие фактори можат да го надвладеат „факторот врски“. Според БРИМА (Британско-македонски општествени истражувања 1994) и моето познавање што може да го потврди тоа, на прашањето: „Доколку сакате да сте успешни, мора да имате ’врски‘ во вашата држава?“, 90 % одгово-

риле со „се согласувам“, 4 % со „не знам“ и само 6 % не се согласиле. Го прашав за врските мојот пријател сопственик на музичка продавница:

> *„Прашање: Колку мислиш дека се важни врските за да можеш да водиш сопствен бизнис?*
> *...Овде? Ах, можам многу да зборувам...*
> *Прашање: Дали е можно да водиш бизнис без врски?*
> *...Веројатно не е можно. Многумина од овие богати луѓе наоколу што поседуваат големи компании денеска ги користат своите врски од социјалистичкиот период. Многумина од нив биле директори во јавни претпријатија и само го префрлиле капиталот во нивните приватни компании со помош на своите врски. Врските се многу важни. Имам многу пријатели, многу врски, но никогаш не ги користам во мојата работа бидејќи се работи за специфична работа, знаеш. Имам пријатели секаде, но тие не можат да ми помогнат многу во мојот бизнис. Како што ти кажав, веројатно ние сме единствените што ја работиме својата работа на легален начин. Така, важно е да се има врски, особено во Македонија. Веројатно секаде, ама овде во вакви околности ништо нема да функционира без нив.“*

Дополнително на наоѓањето работа со врски изгледа дека да се познава некој значи поголема сигурност во смисла на тоа дека потешко ќе биде отпуштањето од работа, дури и кога тоа е од економска причина. Ова имаше чуден ефект, така што некои инженери станаа учители или економисти бидејќи такви врски имаа нивните родители; сериозното прашање за релевантна експертиза за овие работни места беше ирелевантно:

> *„Ним не им е важно што си. Единственото нешто што е важно е ’кој си‘. Во министерството на мојата мајка вработија една жена што беше во осмиот месец од бременоста. Никој не ја видел бидејќи таа сега е на породилно отсуство – и зема 80 % од платата за работа што никогаш не ја работела! И прашуваш дали жените биле дискриминирани! Каква работа ќе најдам единствено зависи од луѓето што ги познаваат моите родители.“*

Овие млади студенти инженери, кои дипломираат и влегуваат во различна фаза од нивните животи, се далеку од идејата да станат самоуверени чинители какви што сонувале да бидат:

> *„Сакам да бидам независна, да имам работа што ќе ми претставува предизвик, да имам забавни колеги. Не ми треба дечко. Ќе си најдам мал стан, или ќе се преселам во станот на Ане. Ќе биде супер да можам да правам сè што сакам. Би сакала да имам своја соба, да ја украсам како сакам, да имам свои работи. За викенди ќе одам на ручек кај родителите или пак тие ќе доаѓаат кај мене. Тоа би било добро.“*

Наместо тоа, тие станале уште позависни во однос на нивната перцепција во Југославија или нивните идеи за Западна Европа. Моите пријатели, штом започнале со работа, се соочиле со следново:

*„Татко ми мораше да го промени работното место бидејќи неговото претпријатие беше комплетно уништено. Тој и неговите колеги одеа на работа само за да си ја задржат работата иако за нив немаше никаква работа. Не добиваа плата. Тој сега работи во компанија за производство на електрична енергија. Има многу ниска позиција, како мене. Немаше друг избор: немаше социјално осигурување, ниту здравствено осигурување. Тие теоретски постоеја, но неговата фабрика немаше пари за да ги плати. Државата исто така не плаќаше. Нему му е потребно социјалното осигурување заради пензија, и тоа е уште една причина за да ја смени работата. Луѓето се многу исплашени да не ја изгубат работата. Се надеваме дека ќе биде подобро, но велат дека оваа година ќе биде многу, многу лошо. Ќе има огромен број луѓе што ќе изгубат работа. Сите се плашат од можноста да ја изгубат работата. Владата треба да плаќа осигурување за невработените, но и владата нема доволно пари. Парите во државата се нерегуларни, неоданочени. Парите што може некој да ги види не се пари што може да ги ставиш некаде, на сметка или што било, бидејќи постои само кеш на рака. Даноците се зголемија до 80 проценти. Затоа приватните фирми не плаќаат даноци, а државата не е доволно силна за да ги присили со соодветни закони. Многу е лесно за приватните фирми – ќе платат 3 000 или 4 000 ДЕМ на некој функционер во владата наместо да платат 10 000 ДЕМ данок. Таков е редот на нештата овде. Има организирана мафија во владата. Луѓето се исплашени, најмногу се плашат да не ја изгубат работата. Затоа никој ништо не презема во врска со ова. Таков е и татко ми. Само зборува и зборува. Тоа не го сакам кај луѓето овде, само зборуваат, а ништо не прават. Луѓето се исплашени. Не би биле 500 години под Турска Империја ако беа поинакви“ (информатор, 1995).*

Македонија се развиваше во класно општество каде што новопечените богаташи, социјалистички директори што ги купиле нивните претпријатија преку нелегална девалвација на овие претпријатија или пак луѓето што заработиле богатство од илегален увоз и извоз со Србија, која беше под ембарго од страна на Европската заедница, можеле да изградат прекрасни куќи во планините и да возат убави автомобили, додека инженерите и економистите вработени од државата или по фабриките можат да си дозволат откуп на државните станови и да продолжат да ги возат своите 30-годишни автомобили. Моите пријатели бараа сопствен начин како да дојдат до ново богатство, барем во одредена мерка. Единствениот начин за тоа да се постигне е преку контактите со западните компании или агенции или преку акумулираните ресурси на нивните сродници, често поддржувани од сродниците надвор од Македонија.

Интересно, новопечените богаташи за моите информатори претставуваа типично балкански личности (илегални активности), а тоа не е нешто што тие би го посакувале. Моите информатори сè уште веруваат дека нивниот влез во овој нов светски поредок ќе биде преку нивното супериорно знаење. Меѓутоа, пристапот до потрошувачките добра подразбираше натпревар. Спротивставените идеи за успехот и бизнисот создадоа разбирање за значењето на успехот. Додека претходно луѓето се потпираа на својата снаодливост, денеска тој вид на разбирање потребно за да се води бизнис го имаат само неколкумина. За многумина од моите прија-

ли, за нивните родители и роднини, знаењето и вештините што тие ги стекнале стануваат безначајни. Во овој свет се случува поларизација што се противи на социјалистичката и „европската“ вредносна идеологија бидејќи и двете на одреден начин ја вреднуваат еднаквоста. Средната класа како „западен“ идеал исчезна од Скопје уште пред да биде формирана. Можностите и животниот стандард се зголемиле за неколку луѓе, додека за повеќето тие се намалиле. За моите пријатели токму во овој свет се случува борбата меѓу она што сакаат да бидат и што *можат* да бидат.

## Потрошувачка

Купувањето е локусот во кој станува видлива оваа специфична борба. Западната телевизија претставува слика на светот во кој доминираат супермаркетите, каде што луѓето одат и си го купуваат она што им треба. Животот во Скопје е многу поразличен, а моите пријатели ја игнорираат таа дисјункција и на надворешниот свет му пристапуваат како тој да е всушност достапен за нив. Економската активност има вродена политичка и идеолошка вредност. Доколку моите пријатели пребаруваат низ продавниците во кои никогаш не би можеле да си дозволат да купат нешто, тие со тоа сепак изразуваат одреден политички став. Суштинскиот политички став е одреден од историјата, во овој случај од историјата на социјалистичка Југославија, како и од западната телевизија и глобалниот консумеризам. Во социјалистичка Југославија се славело производството, додека на западната телевизија гламурот се создава преку сомнителни добивки. Секоја вредност ја осудува другата, но го ветува истото нешто. Во Скопје светот на консумеризмот пристигна поради ризичните шпекулации, а контактот што се создаде со надворешниот свет содржи еден посебен политички/морален став. Купувањето во Скопје го илустрира ова. Продавниците што ги нарекувам мали стоковни куќи изобилуваат со западни добра и имаат персонал со добра облека и добри манири. Овие продавници се сопственост на типични новопечени богаташи. Многумина од моите пријатели автоматски ја преминуваат улицата кога треба да поминат покрај таква продавница бидејќи чувствуваат дека е несоодветно да поминат покрај „новите“ продавници како тие да сугерираат еден свет во кој не припаѓаат. Така, купувањето сè уште е далеку од идејата за една олабавена активност во Скопје со неговите жешки тротоари и прав над градот; овој свет е речиси надреален кога се гледа низ неговата магла. Купувањето претставено на телевизија е многу подалечно од реалноста во Скопје. Милер (Miller 1997: 39) го опишува купувањето како општествена прилика да се набљудуваат другите купувачи. Во Скопје трговските центри изгледаат релативно напуштени, додека зелените пазари бликаат со живот.

Купувањето во Скопје не е општествена прилика, туку директна средба меѓу објектите што треба да бидат купени и купувачот што сака да се идентификува себеси со тие објекти, а не толку многу за да се претстави себеси пред другите, туку да потенцира еден специфичен аспект од неговото себство. Купувањето во Скопје не е толку лична желба колку што е политичко спроведување на изборот. Доколку купувачот може да направи еден специфичен избор да купи „западни“ производи, како на пример рејбан-наочари за сонце, тогаш тој се вклучува во еден живот сличен на оној на купувачите во Германија или Англија. Фактот што неговиот избор не соодвет-

ствува на економските услови во Македонија го прави овој избор да биде политички акт. Во Скопје пријателите ретко купуваат заедно. Само „експертизата“ на „западен“ антрополог посветен на купувањето може да е добредојдена, бидејќи во спротивен случај купувањето „западни“ производи е осаменичко искуство. Ова е спротивно на купувањето храна и други потреби што често се прави со родителот или со браќата/сестрите. Пријателите се придружуваат меѓу себе само ако треба да се избере и купи подарок за заеднички пријател, што најчесто се дава како подарок од повеќе луѓе.

Така, трошењето пари не може да се третира како демонстрација на финансиските средства, социјализација или сетилно задоволство како што вели Милер за Тринидад (Miller 1997), туку треба да се разбере како реална и посакувана бариера меѓу купувачот и „нормалниот“ живот. Коментарите на Милер (Miller 1997: 45) коинцидираат со моите во врска со Македонија кога вели: „Преку потрошувачката можат да се формулираат политичките вредности, така што популациите да бидат најнеспособни да ги остварат сликите на можните светови што сакаат да ги создадат. Преку оваа објективизација тие размислуваат за тоа какви можат да станат во однос на мноштвото политички идентитети.“ Причините поради кои западните добра се увезувани и извезувани се второстепени за главното прашање на специфичната симболичка важност на западните објекти во Скопје. Оваа вредност ниту е создадена од „европските“ медиуми ниту од македонската влада што ја исполнува својата политичка агенда, туку е создадена од купувачот во Скопје, кој активно ја избира симболичката вредност на објектот. Овој акт на купување е осаменички, но вредноста припишана на објектите што се купуваат за сите мои пријатели од денешно Скопје лежи во идејата да се живее „нормален“ и, според тоа, европски живот.

Така, класата се формира преку потрошувачката во Македонија иако, очигледно, потрошувачката како што се изведува од поединците е многу приватна работа. Што се случи во Македонија пред доаѓањето на убавите луѓе, новопечените богаташи и појавувањето на светот на потрошувачката? Одговорот е двоен. Најпрво се распадна југословенската држава, и она што некогаш претставуваше целина сега се дезинтегрира во т.н. етнички енклави. Доколку би можеле да се вратат во времето и да ја сменат историјата, тие би го спречиле распаѓањето на Југославија, но, како што вели еден пријател, заврши времето за сонување. Второ, Македонија се поврзуваше себеси со материјалната и идеолошката западна култура, процес што започнал во 1980-тите години кога Македонија беше дел од Југославија. „Западот“ се разбираше како Западна Германија и Америка или уште поинтелектуалниот избор на Англија и Франција, кои беа единствено важни за луѓето што патувале таму. Овој свет во 1980-тите години бил достапен за младите инженери што патуваат. Таквото искуство се нагласуваше во независна Македонија. Тоа искуство на моите информатори им даде легитимитет во познавањето на Западот.

## Врската со производствениот процес е менлива

Потоа моите информатори влегле во нова фаза од нивните животи, завршиле факултет, почнале да работат во време на политичките промени од Југославија во Република Македонија. Кога ќе се спореди адолесцентниот период од животот на моите информатори и тој на нивните родители, и двете групи се сметале себеси за

„елита“. Нивните родители играле важна улога во македонското општество по 1945 година низ напорна работа и одговорност за трансформирање на селското општество во индустриска нација. Дипломците во тоа време – последните години на Југославија – се сметале себеси за елита поради нивното напредно знаење и „западните“ ставови со што, според нив, се премостува јазот помеѓу Северна Европа и Балканот. Додека нивните родители го менувале општеството преку социјалистичката идеологија, моите пријатели сакале да го променат општеството преку квалификации. На генерацијата на нивните родители гледале како на луѓе сè уште приврзани кон балканските принципи преку југословенската социјалистичка идеологија.

На истиот начин нивните родители сакале да ги подобрат животите на нивните родители, кои се третирале како обесправени и угнетени селани што требало да се вклучат во модерна индустриска Југославија. Моите пријатели сакаа да го променат општеството настрана од претпоставките за Балканот како назаден, неевропски и некултурен регион. Станува збор за типичен генерациски конфликт кога помладите генерации сакаат да го подобрат светот на постарите генерации, а и двете генерации имале специфични идеологии во врска со вработувањето. Додека генерацијата на родителите го третирала вработувањето како труд/работа и се стекнувала со моќ преку пристапот до вработување што може да го смени општеството преку партиско членство, моите информатори гледале на вработувањето како на кариера во која се напредува на поединечно и на општествено ниво преку неколку работни места добивајќи моќ во тој процес.

За двете генерации во повоената Југославија и „pre-mortem“ Југославија помладите генерации се третирале како генерации на промена. Во повоена Југославија моќта за промена се добивала преку идеологија, додека во „pre-mortem“ Југославија преку знаење. Во генерацијата на родителите безбедноста била загарантирана од државата, и дипломците очекувале нивните животи да бидат обезбедени преку знаењето.

Денеска оваа ситуација е драстично променета. Младите луѓе го немаат истото влијание врз промената на општеството бидејќи надворешната политика е надвор од нивните раце. Денеска ниту социјалистичката идеологија, ниту квалификациите не го обезбедуваат успехот во Македонија, туку тоа го прават врските – еден елемент што е идентификуван од страна на информаторите како „незападен“ или како „балкански“. Денеска вработувањето се третира како работно место што нема никаква моќ. Младите информатори гледаат на постарите генерации како на некои што го злоупотребиле знаењето и помошта од „Западот“, повторно посочувајќи ја дефиницијата за „Балканот“. Во овој свет младите генерации се гледаат себеси како неспособни да го променат општеството бидејќи единствено преку врски можат да стекнат средства и сигурност што ќе им овозможат да го променат своето општество. Настрана од „загубите“, јас ќе ги истакнам многуте начини на кои оваа специфична група млади жени инженерки ги разбира и ги менува своите животи и што искористува од тоа.

## Класата во постсоцијалистичка Македонија

Сега сакам да ги резимирам сите овие насоки и да укажам дека класата во Скопје, во независна Македонија, за време на моето истражување потекнува од еден специфичен дискурс во рамките на Македонија, дискурс што го опфаќа од-

носот меѓу Западот и Македонија, меѓу претставите за Западот и за Балканот, меѓу етничките Македонци и етничките Албанци, меѓу социјалистичкото и постсоцијалистичкото, меѓу надвор и внатре, меѓу потрошувачката и производството.

Овој дискурс ја промени општествената околина на социјалистичка Македонија преку заострување на општествената дистинкција преку дотогаш непознатата нагорна или надолна класна мобилност. Се наметнува прашањето како поранешната интелектуална елита на Југославија – инженерите – се претставувале себеси како супериорни и покрај економските ограничувања и второто прашање – во однос на кого се идентификувале себеси како супериорни. Моите информатори се перципираат себеси како супериорни во однос на етничките Албанци и супериорни во однос на она што го дефинираат како Балкан, што ги вклучува тука и новопечените богаташи. Како таква, сметам дека класата не е задолжително дефинирана како пристап до производствени средства, туку како пристап до културен капитал (Bourdieu 1977). Моите информатори, и покрај фактот што едвај имаат каков било пристап до производствениот процес, се третираат себеси како фундаментално супериорни. Како таква, класата не е создадена како „структура", туку како нешто што е создадено низ формирањето на нов идентитет. Моите информатори „го чувствуваат и го артикулираат идентитетот на нивните (материјални) интереси како меѓу себе така и со други луѓе чии интереси биле различни од нивните (Thompson 1964: 9; cf. Gewertz, Errington 1999: 2). Во рамките на овој процес на создавање идентитет се создава класата, бидејќи во суштина треба да разгледаме како се создава различноста во Македонија. Преку промовирањето на либералната пазарна економија, Македонија го промени пристапот до производствениот процес, и се создадоа нови граници што станале доминантни во однос на тоа кој има пристап не само до принципите на либералната пазарна економија туку и до целиот пакет, односно до западната идеологија. Иако одредена класа во Македонија има пристап до производствениот процес, таканаречените новопечени богаташи, тие исто така се поврзани со балканските принципи. Исто како Албанците, и новопечените богаташи се третираат како да се подолу на скалата поради ограниченото „западно" знаење. Ова „западно" знаење се стекнува преку обрасците на потрошувачка, и како таква класата не е единствено дефинирана низ она што се косумира туку исто така и според начинот на кој се консумира.

Ова западно знаење стана суштинско за Македонија бидејќи таа е зависна од западната интервенција на економски и на политички план. Кој било луксузен предмет и, уште поважно, кој било предмет што се дефинира како луксузен доаѓа од Запад. Секое успешно претпријатие во Македонија е финансирано или раководено од „Западот", од западните претпријатија или од невладините организации. Така, сопственоста на значајната економија лежи во рацете на Западот, односно во европските или американските организации. Македонија е целосно зависна од Западот со четири непријателски расположени соседи како копнена земја без пристап до некој значаен извор освен што се наоѓа на патот на витален коридор за европските интереси.

Преку приватизацијата, македонската влада, според Нано Ружин, се обидела да создаде приватен сектор за вработување, но вработување со некаква сигурност сè уште може да се најде во државната работа. Ефектот на ова беше луѓето што имаа добра позиција во социјалистичка Југославија можеле да ги задржат тие позиции,

и единствениот начин да се дојде до овие луѓе биле „врските“. Сепак на ова се гледа како на „балканска“ карактеристика, која би требало да биде надмината во иднина преку пристапот до посебниот западен културен капитал стекнат преку консумација на западни добра и знаење. Луѓето што имале пристап до овој западен културен капитал се поиздиференцирани во однос на она што се нарекува „балканско“, Албанци, социјализам, селанско минато, нивните родители.

Моите информатори, непризнаени, се обидуваат да го задржат својот статус на елита како инженерите во Југославија преку манипулација со значењето на пристапот. Наместо следењето на класичната марксистичка дефиниција за диференцијацијата преку пристапот кон средствата за производство, пристапот е редефиниран како пристап кон западната потрошувачка. Моите информатори не го потценуваат нивниот однос со процесот на производство преку нивниот труд, туку преку нивните потрошувачки обрасци и така ја поткопуваат новата класна структура во Македонија. Така, оваа група млади урбани интелектуалци се разликуваат себеси сè повеќе од она што го нарекуваат „Балкан“, односно од сè она што не соодветствува со нивната слика за „Западот“.

Преку нивните потрошувачки обрасци тие создале нови форми за дистинкција помеѓу „нас“ и „нив“, при што вторите, вклучувајќи ги новопечените богаташи и етничките Албанци, се третираат како инфериорни. Така сметам дека новите форми на диференцијација создаваат нова, класно базирана нееднаквост во Македонија, насочена кон општествената промена за која постојано се преговара.

Тоа преговарање се базира на потрошувачката на претставите и значењата за она што е „Западот“ и што е „Балканот“. Она што е наречено „балканско“ подразбира пониска класа, додека „западното“ се третира како повисока класа. Таквата дефиниција на класата секако се базира на исклучување – родителите, Албанците и некултурните (види кај Bringa 1995) новопечени богаташи се исклучени од соодветниот начин на консумирање на западните добра. Некој може да има пристап до овие добра, но соодветниот контекст мора да постои за консумирање и токму во тој контекст се искусува/доживува класата. Не се создава дистинкција меѓу работници и сопственици бидејќи во Македонија за време на моето истражување не постоеше таква дистинкција во класична смисла. Фабриките сè уште не работеа, и сопственоста често беше во рацете на западните претпријатија или невладините организации, кои привилегираа некои луѓе што имаа пристап до начините за комуникација со Западот преку јазичните способности (познавање на англискиот, што беше типично за инженерите бидејќи сите нивни книги на факултет биле на англиски), преку западните потрошувачки обрасци (што ја направи неопходна вистинската интерпретација за западната потрошувачка) и преку невербалната комуникација на она што е западно (што моите информатори го постигнуваа преку телесни промени; види Thiessen 1999).

Сметам дека класата во Македонија за време на моето истражување беше дефинирана според либералната пазарна економија, но таа либерална пазарна економија не беше постигната преку производствениот капацитет, туку преку потрошувачкиот капацитет. Нееднаквоста во Македонија беше создадена не преку богатството или пристапот до средства за производство (многу Албанци работеле како печалбари во европски земји и имале пристап до големо богатство, и многу бизнисмени или новопечени богаташи имале пристап до средствата за производство),

туку преку потрошувачките обрасци (вештината на потрошувачката – има причина зошто моите информатори ја гледаа серијата Беверли Хилс 90012 на италијански секој ден). Така, класата во Македонија треба да се фокусира на животниот стил и статус, а не на пристапот до средствата за производство.

## Користена литература

Bringa, T. Being Muslim the Bosnian Way: Identity and Community in a Central Bosnian Village. Princeton Studies in Muslim Politics. Princeton: Princeton University Press, 1995.

British Macedonian Social Surveys. Political and Economical Index. Brima in Joint Venture With Gallup Report 0194, 1994.

Bourdieu, P. Outline of a Theory of Practice. Cambridge: Cambridge University Press, 1977.

Gewertz, D., Errington, F. Emerging Class in Papua New Guinea: The Telling of Difference, Cambridge: Cambridge University Press, 1999.

Miller, D. Capitalism: An Ethnographic Approach. Explorations in Anthropology. Oxford: Berg, 1997.

Thiessen, Ilka. T'ga za jug – Waiting for Macedonia: The changing world of young female engineers in the Republic of Macedonia. PhD thesis, London School of Economics and Political ces (United Kingdom), 1999.

Thompson, E.P. Work and Leisure in Pre Industrial Society. Past and Present 29 (1964): 50–66.